# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАНИНСКИ ПАТЕКИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.146 од 26.08.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за планински патеки („Службен весник на Република Македонија" број 38/14) во членот 26 став (1) зборовите: „Државната комисија" се заменуваат со зборовите:
„Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка".

**Член 2**

Во членот 27 ставовите (4), (5) и (6) се бришат.
Ставот (7) станува став (4).

**Член 3**

Во членот 28 став (1) во воведната реченица по зборот „лице" се додаваат зборовите: „односно на трговец поединец".
Ставот (2) се менува и гласи:
„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице односно за трговец поединец ќе му се изрече на одговорното лице во правното лицеодносно во трговец поединец за дејствијата од став (1) на овој член."

**Член 4**

Членот 29 се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност ќе се казни за прекршок физичко лице кое:
1) ја користи планинската патека спротивно на членот 17 од овој закон и
2) на планинските патеки поставува препреки или огради (член 19 став (1)).
(2) За прекршоците од ставот (1) од овој член, надлежните инспекториод член 24 на овој закон можат да ја изречат на лице место со врачување мандатен платен налог кој сторителот е должен да го плати во рок од осум дена.
(3) Доколку сторителот доброволно не ја плати глобата, мандатниот платен налог има сила на извршна исправа и надлежните инспекториод член 24 на овој закон ќе го достават до органот надлежен за присилно извршување за негово извршување.
(4) Надлежните инспектори се должни да водат евиденција за издадените мандатни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(5) Во евиденцијата од ставот (4) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на мандатниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(6) Личните податоци од ставот (5) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ја пропишува формата и содржината на мандатниот платен налог."

**Член 5**

Членот 30 се менува и гласи:
„Постапка за порамнување и спогодување
(1) За прекршоците утврдени во членот 28 од овој закон, надлежните инспектори од членот 24 од овој закон се должни на сторителот на прекршокот да му

предложат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог пред да поднесат барање за прекршочна постапка.
(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, надлежните инспектори во записникот забележуваат дека издаваат прекршочен платен налог.
(3) Кога прекршокот надлежните инспектори го утврдат лично или го утврдат со употреба на соодветни технички средства и направи се должни веднаш да издадат прекршочен платен налог кој го забележуваат во записникот за констатиран прекршок.
(4) Во случаите од ставот (2) на овој член, прекршочниот платен налог го потпишуваат надлежните инспектори и сторителот.
(5) Во случаите од ставот (3) на овој член, прекршочниот платен налог го потпишуваат надлежните инспектори, а може да го потпише и сторителот.
(6) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот е должен да ја плати изречената глоба во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во правната поука.
(7) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука од прекршочниот платен налог.
(8) Доколку глобата не се плати во рокот определен во прекршочниот платен налог, надлежните инспектори се должни да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочната Комисија.
(9) Надлежните инспектори се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(10) Во евиденцијата од ставот (9) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(11) Личните податоци од ставот (10) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(12) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог."

**Член 6**

По членот 31 се додава нов член 31 - а кој гласи:

**„Член 31 - а**

„Одмерувањето на висината на глобата за правното лице односно за трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоци."

**Член 7**

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".